


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## НОЕМВРИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Пазарите на капитал во изминатиот ноември беа обележани со значителна волатилност што произлезе од очекувањата за насоката на каматните стапки одредени од централните банки, но во исто време и аверзијата кон ризик која доминираше во технолошкиот сектор поради стравувањата од постоење на таканаречениот AI (вештачка интелигенција) балон. Глобалниот индекс MSCI ACWI го заврши месецот со минимално намалување од 0,11%, додека од почетокот на годината приносот изнесува 19,47%. Гледано по региони, пораст беше забележан кај европскиот STOXX 600 индекс од 0,79% и 0,13% кај американскиот индекс S&P 500. Од друга страна, пад оствариja индексите MSCI Emerging Market и MSCI Asia Pacific од 2,47% и 2,32%, соодветно. Сепак, за изминатите месеци од годинава приносите кај овие индекси се значително високи, но важно е да се истакне значајното влијание што го има движењето на девизниот курс USD/EUR врз приносите на домашните инвеститори (со исклучок на европските акции), што може јасно да се забележи на последниот графички приказ за девизниот пазар.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Во ноември, вредноста на МБИ 10 индексот забележа намалување за –1,01%, со што го загуби позитивниот принос следено од почетокот на годината. Речиси сите акции кои се дел од неговата структура остварија надолно движење, од кои најмногу се намали вредноста на Гранит за 3,51% и Македонијатурист за 3,46%, додека Реплек забележа незначителен пораст од 0,03% и Македонски Телеком без промена во текот на месецот. Од почетокот на 2025 година, со најголем принос од 23,94% се издвојува Макпетрол, а на спротивната страна со најголем пад за истиот овој период се акциите на ТТК Банка кој достигна 19,90%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Пазарот на државни обврзници во ноември се движеше под влијание на два фактори како што се очекувањата за намалување на стапките кои водат кон намалување на приносите, додека загриженоста за зголемените владини долгови и новите дополнителни задолжувања влијаеја негативно кон нивно зголемување. Дополнително комплицирање предизвика и најавата на Банката на Јапонија за ставање крај на политиката на ултраниски каматни стапки. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,44%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,19%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



Движењата на девизниот пазар покажаа генерално зајакнување на еврото во однос на повеќето главни валути, особено во однос на јапонскиот јен за 1,91%. Пад забележаа и американскиот долар, австралискиот долар и кинескиот јуан. Раст оствари руската рубља од 2,78% и во текот на годината зајакна за 30,59%. Разликите во монетарната политика и предвидувањата за идните одлуки на централните банки претставуваат основен фактор за девизните курсеви. Насоката на пазарот во наредниот период целосно ќе зависи од интерпретацијата на економските податоци и јасните сигнали кои ќе произлезат од состаноците на водечките институции како ФЕД, ЕЦБ и другите централни банки.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk